**20212944627**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 23 декември 2021 година.

Бр. 08-5469/1
23 декември 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

Член 1

Во Законот за заштита на личните податоци (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20), насловот на членот 14 се менува и гласи: „Обработка на лични податоци поврзани со казнени осуди и казнени дела“.

Член 2

Во член 14 во првата и втората реченица зборовите: „осуди за кривични дела“ се заменуваат со зборовите: „казнени осуди и казнени дела“.

Член 3

Во членот 39 став (9) по зборот „Контролорот“ се додаваат зборовите: „е должен да“.

Член 4

Во членот 64 став (1) зборовите: „со овој“ се бришат.

Член 5

Во член 122 зборот „до“ се заменува со зборот „со“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.